Република Македонија
Национална установа
Театар за деца и младинци
Бр. 01-419/1
20.08 2020 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак: 0101
Рок на чување: ТРАЈНА
20.08 +2020 година
Потпис

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 36 став (1) точка 5 од Законот за култура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), а во врска со член 127 став (2) од Колективен договор за културата ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/2020), Директорот на Национална установа „Театар за деца и младинци" - Скопје, на 20.08.2020 година донесе:

П Р А В И Л Н И К
за внатрешна организација на Национална Установа „Театар за деца и младинци" - Скопје

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се регулира и уредува внатрешната организација на Националната Установа „Театар за деца и младинци" – Скопје (во натамошниот текст – Установата), видот и бројот на организациските единици, делокругот на работа на организациските единици и начини и форми на раководење со делокруг на работа.

Член 2

Внатрешната организација на Установата се утврдува врз основа на законските прописи и општи акти во сила во Република Северна Македонија, односно врз основа на општите акти на и на ниво на Установата, за работа на Установата.

Член 3

Називите на организационите единици произлегуваат од дејноста, односно се определуваат врз основа на обемот, тежината и сложеноста на работните должности, во согласност со Законот за култура, Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работните односи, односно врз основа на друг закон.

II. ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ

Член 4

Внатрешната организација, односно организационата структура на Установата ја сочинуваат следните организациони облици:

- **АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА**
- **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ**
- **ПОМОШНО – ТЕХНИЧКА СЛУЖБА**

III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ

III.1. АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

Член 5

Административната служба во рамките на својот делокруг на работа извршува работи од административна природа и од областа на човековите ресурси, поради остварување на дејноста на Установата.

Во **одделението за материјално – финансиско работење:** се врши финансиско и материјално книговодство, следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на буџетско и материјално финасиското работење, пресметка и исплата на плати на вработените, изготвување периодични и завршни сметки, месечни и финансиски планови и др.

Во **одделението за маркетинг и односи со јавност**: се вршат работи од областа на маркетинг и административна координација на реализацијата на програмските активности на НУ „Театар за деца и младинци" - Скопје со институции од земјата и странство.

Во **Одделението за административни општи правни работи и човечки ресурси:** се врши доследна примена на Статутот, правилниците и другите општи акти на Установата, спроведувањето на јавните набавки за потребите на Установата согласно закон, работи од административна природа и од областа на човековите ресурси поради остварување на дејноста на Установата, грижа за законитоста на работата на Установата, се вршат административно нормативно правни и административни работи, статистички, кадровски и други работи од административна природа, се врши евиденција на документација и нејзино систематизирање и обработување во архивска граѓа, водење на персоналните досиеја и други работи поврзани со правата и обврските на вработените и други ангажирани лица по договор, слободен прстап до информации, предлози, претставки и слично.

III.2. СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ

Член 6

Во стручната служба – даватели на јавни услуги во рамките на својот делокруг на работа се врши продукцијата и создавањето на театарски претстави. Во оваа служба се опфатени сите уметнички дејности како што е подготвување и изведба на драмски уметнички дела, уметничкото раководење, изборот на репертоар, драматуршка работа, режијата, глумата, кореографијата, сценографијата, костимографијата и т.н. Суштината на театарската дејност е создавање на сценска културна и уметничка вредност.

III.3. ПОМОШНО – ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

Член 7

Помошно - техничката служба во рамките на својот делокруг на работа, извршува работи од помошно - технички карактер заради одржување, обезбедување и заради извршување на други работи од помошно - технички карактер, со кои се обезбедува непречено функционирање на Установата.

Во Помошно - техничката служба се вршат работи на сценско - техничките подготовки, опслужување и изведби на претстави, манифестации, концерти, чување и тековно одржување на опремата и објектите, воведување на нови технологии во продукцијата, утврдување на техничко - технолошка развојна политика, одржување на хигиена во објектите, правилно ракување со инвентарот, помош при подготовки на манифестации и вршење на други техничко стручни работи согласно со потребите на Установата.

IV. НАЧИН НА РАБОТА И ФОРМИ НА РАКОВОДЕЊЕ СО ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТА

Член 8

Работите и работните задачи во службите се извршуваат од страна на вработените.

Целта на начинот и динамиката на работењето се утврдени во законските норми од повеќето закони, кои директно се применуваат во предметот на работа дефиниран во пописот и описот на работните задачи од работните места, со дефинирани начини на работа, согласно законските одредби кои директно се применуваат во работата на вработените, со прецизен опис на работни задачи за остварување на програмата на Установата и кои за својата работа одговараат директно пред раководителите на службите, односно пред директорот на Установата.

Севкупното раководење на Установата согласно закон го извршува директорот на Установата.

Член 9

Составен дел на овој Правилник е графичкиот приказ на организацијата на Установата (ОГРАНОГРАМ).

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како и при неговото донесување.

Член 11

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешна организација на Национална установа „Театар за деца и младинци“ - Скопје број 01-473/1 од 12.07.2016 година.

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по по усвојувањето од страна на Управниот одбор на НУ „Театар за деца и младинци“ – Скопје и по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01 – 419/1
20.08.2020 година

НУ „Театар за деца и младинци“ - Скопје
Директор
Катарина Илиевска Силјановска

ОРГАНОГРАМ НА НУ „ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ“ - СКОПЈЕ

